**Средно училиште на Град Скопје**

***„Димитар Влахов“***

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

**за работа на училиштето во учебните 2020/21 и 2021/22**




**Скопје, 2022 год.**

**С О Д Р Ж И Н А**


Лична карта ........................................................................................ 4

Училишна комисија за самоевалуација ............................................ 5

Извори и средства користени за самоевалуација ............................ 6

Подрачје 1: Наставни планови и програми ...................................... 8

1.1. Реализација на наставните планови и програми ........... 9

1.2. Воннаставни активности ................................................ 11

Подрачје 2: Постигнувања на учениците ......................................... 20

2.1. Постигнувања на учениците ......................................... 21

2.2. Задржување / осипување на учениците ....................... 25

2.3. Повторување на учениците .......................................... 26

Подрачје 3: Учење и настава ............................................................ 35

3.1. Планирања на наставниците .......................................... 36

3.2. Наставен процес ............................................................. 38

3.3. Искуства на учениците од учењето ............................... 42

3.4. Оценувањето на учениците во услови на вонредни околности... 43

3.5. Оценувањето како дел од наставата .............................. 45

3.6. Известување за напредокот на учениците ..................... 46

Подрачје 4: Подршка на учениците .................................................... 60

4.1. Севкупна грижа за учениците ........................................ 61

4.2. Здравје ............................................................................ 64

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците 66

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето .................. 79

5.1. Училишна клима и односи во училиштето .................... 80

5.2. Еднаквост и правичност ................................................. 82

5.3. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедни 83

Подрачје 6: Ресурси ........................................................................... 94

6.1. Сместување и просторни капацитети ............................ 95

6.2. Наставни средства и материјали ................................... 97

6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар ................. 100
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар ... 103
6.5. Финансиско работење на училиштето ............................ 107

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политика ..... 119
7.1. Управување и раководење со училиштето .................... 120
7.2. Цели и креирање на училишната политика ................... 124
7.3. Развојно планирање ......................................................... 126

Резиме од извршена самоевалуација ............................................... 136
Идни активности ......................................................................... 146

## Л И Ч Н А   К А Р Т А

| | |
|---|---|
| Име на училиште: | СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје |
| Вид на училиште: | Средно стручно училиште |
| Основач на училиштето: | Град Скопје |
| Наставен јазик: | Македонски – Албански – Турски |
| Број на ученици: | 482 (226 женски и 256 машки) |
| Број на вработени: | 79 (50 женски и 29 машки) |
| Директор на училиштето: | Јасминка Гудоманова |
| Претседател на училишниот одбор: | Елизабета Стојановска |
| Адреса на училиштето: | ул. „III Македонска Бригада“ бр.22 |
| Тел./Факс: | (02) 2464 - 590 / (02) 2462 - 733 |
| Е-маил : | sugsdimitarvlahov@yahoo.com |

Изјава за мисија:

Оспособуваме кадри способни да одговорат на современите професионални предизвици

Изјава за визија:

Нашето училиште ќе претставува најсилна и респектабилна воспитно-образовна организација во градот и републиката

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Претседател - координатор:** Јасминка Гудоманова

Заменик претседател: Билјана Јанкуловска

**Членови:**
Дијана Стојаноска
Дурим Зеќири
Валентина Димитриевска
Наџије Алија
Сања Атанасовски
Аида Даут
Сузана Илиевска

## РАБОТНИ ТИМОВИ ПО ПОДРАЧЈА

1. **Наставни планови и програми**
- Дијана Стојаноска
- Елизабета Величковска
- Маргарита Димитровска
- Валбона Кадриу

2. **Постигнувања на учениците**
- Дурим Зеќири
- Мирјана Крстевска
- Слаѓана Јаневска
- Блерим Касуми

3. **Учење и настава**
- Валентина Димитриевска
- Соња Кузмановска
- Ајлин Карахасан
- Рагип Муртези

4. **Поддршка на учениците**
- Наџије Алија
- Јованка Јосифова
- Марија Џолева
- Атанас Филиповски

5. **Училишна клима и односи во училиштето**
- Сања Атанасовски
- Рамиз Нухиши
- Весна Стефова
- Јулија Величковска Стојаноска

6. **Ресурси**
- Аида Даут
- Оливера Петрушевска
- Александар Аврамовски
- Афрдита Лита

7. **Управување, раководење и креирање политика**

- Сузана Илиевска
- Дарко Николовски
- Татјана Домазетова
- Елена Стојановска

Комисијата се состана повеќе пати, а сè со цел да се направи самоевалуација која ќе ја отслика вистинската состојба.

## ИЗВОРИ И СРЕДСТВА КОРИСТЕНИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

- Статут на училиште;
- Годишна програма за работа на училиштето;
- Интерни акти/кодекси на училиштето;
- Протоколи за постапување во услови на пандемија со КОВИД 19
- Правилник за организација и систематизација на работата и работните места;
- Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето;
- Програма за работа на директор и стручна служба;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;
- Наставни планови и програми донесени од МОН;
- Проекти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците
- Документација за добиени спонзорства и донации
- Документацијата на училиштето за набавување на стручна литература, наставни помагала,планирани и набавени потрошни материјали;
- Библиотечната евиденција;
- Листи од спроведени интерни обуки
- Професионални досиеја на вработените;
- Инструмент  за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час на планирањето на наставниците;
- Извештаи од увид на часови од страна на стучна служба на училиштето и ДПИ;
- Полугодишен и годишен извештај;
- Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници и др.).
- Записници од просветна и санитарна инспекција;
- Планирања на наставниците;
- Педагошка евиденција и документација;
- Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците;
- Инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи, досиеја на ученици);
- Резултати од интерни и екстерни оценувања;
- Распоред на часови;
- Програма за работа на ученичката заедница;
- Паноа со пофалби, награди, дипломи, признанија од учество на манифестации и натпревари;
- Медиумско промовирање на постигањата на учениците
- Записници од: наставнички совет, стручни активи, училишен одбор, совет на родителии и локална самоуправа.
- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето;

- Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на учениците
- Анкети со директор, стручна служба, наставници, родители и ученици;
- Интервјуа со директор, стручни соработници, наставници, родители и ученици;
- Увид во документација на училиштето.

Работните тимови од училиштето извршија внатрешна самоевалуација, односно оценување на работата на СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје, за период од 2020 година до 2022 година. За потребите на самоевалуацијата се земени предвид согледувањата на наставниците и другите вработени во училиштето. Во текот на работата, тимовите имаа средби и разговори со вработените, извршија проверка на потребната документација. Освен тоа беа спроведени и анкети со ученици, наставници и родители за да се утврди и нивното мислење во врска со спроведувањето на наставата, видот на наставните содржини, начинот на нивното презентирање и др.

Самоевалуацијата се изврши врз основа на добиените вредности од Интегралната евалуација на Државниот просветен инспекторат, реализиреана во изминатите години. Исто така самоевалуацијата е извршена со почитување на индикатори за квалитетот на работата на училиштата во услови на вонредни околности, посочени од Државниот просветен инспекторат. Предвид е замена и Програмата за развој на училиштето. Целта на самоевалуацијата беше да се согледа целокупната состојба за работата на училиштето, да се детектираат слабите и јаки страни од сите седум подрачја кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

## Наставни планови и програми

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**1. Реализација на наставните планови и програми**

**2. Воннаставни активности**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 1 | Наставни планови и програми | | |
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| ● Наставни планови и програми од МОН;<br>● Годишна програма за работа;<br>● Глобални и тематски планирања наставниците;<br>● Оперативни планирања за час на наставниците;<br>● Дневници и Е-дневници;<br>● Записници од состаноци на Совет на родители;<br>● Записници од стручни активи;<br>● Интервју со стручен соработник;<br>● Анкети со наставници, ученици и родители; | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето | • Наставни планови и програми кои се применуваат во нашето училиште се во согласност со програмски документи од БРО и ЦСОО, а одобрени од МОН. Наставниците редовно изготвуваат годишни,тематски и дневни планирања по сите наставни предмети вклучувајќи и програма за додатна, дополнителна, програма со МИО, ЕКО и ИКТ содржини, како и програма за личен и професионален развој. Тие целосно се реализираат во согласно наставниот план за средно образование и наставни планови и програми.<br>• Наставните планови и програми успешно се реализираат и покрај непостоењето на учебници за III степен,како и кај новите реформирани модуларни програми. Сепак професорите се трудат на секој начин да им го олеснат процесот на учење на учениците применувајќи исто така учебници кои се одобрени од страна на МОН.<br>• Новите реформи кои се воведоа во четиригодишното образование училиштето успева да ги информира родителите и учениците за целите на наставните планови и програми, а тоа се врши преку родителски средби кои се одржуваат во утврдени термини. На почетокот на учебната година наставниците ги претставуваат и образложуваат наставните планови и програми според кои ќе се одвива наставата. Веб сајтот на нашето училиште и огласните табли, се исто така начини за информирање на родителите за имплементацијата на програмата. Исто така направени се online групи како со родителите , така и со учениците за |

| | | |
|---|---|---|
| | | полесна и побрза комуникација.<br>• Наставниците ги информираат учениците за наставниот план и содржини кои ќе се изучуваат на почетокот на учебната година за секој предмет поединечно.<br>• Во училиштето има регистрирани 6 деца со посебни образовни потреби. Тие се вклучени во наставниот процес, со изјави од родители дека ќе следат редовна настава. Училиштето работи исто така и со внатрешно детектирани ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава. Училиштето нуди изборни предмети за четирите струки во четиригодишно образование. Во учебната 2020/21 сите паралелки се реформирани освен четвртиот степен од трета и четврта година. Според наставниот план и програма на ЦСОО и БРО се нудат 6 изборни премети, од кои 3 се општообразовни, а 3 се стручни. Во учебната 2021/2022 сите паралелки се реформирани освен четврта година четврт степен. На реформираниот козметички техничар му се нудат 7 изборни предмети, а бира 2, графички уредник-дизајнер има можност да избере 1 од 6-те понудени предмети, а прехранбен техничар бира 1 од 5-те понудени предмети. Изборните предмети се во состав на изборни модули и пожелно е ученикот да го заврши избраниот модул со цел да стекне соодветна компетенција.<br>• Во нереформираните паралелки на учениците од секоја струка им се понудени по три предмети кои овозможуваат вертикална проодност, односно се во функција на државна матура и по три предмети кои се посебно стручни и се во функција на завршен испит, а тие бираат 2 или 1.<br>• Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Изборот се врши со писмено изјаснување со изјава и потпис на родителите како и на учениците.<br>• Бидејќи постојат и паралелки со помал број на ученици не постои можност за формирање групи за сите понудени |

| | | |
|---|---|---|
| | | изборни предмети, па изборот на учениците е ограничен.<br>• Кај тригодишно образование нема изборни предмети и истите не се предвидени во наставните планови.<br>• Училиштето нуди програми за слободни часови/содржини, за учениците од четиригодишно образование, во согласност со наставниот план.<br>• Учениците исто се вклучени во планирање на активностите за реализација на истите, а се во согласност со наставните програми.<br>• Во училиштето се реализира додатна настава за учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари.<br>• Дополнителната настава си ја планира секој наставник самостојно по својот предмет и ја реализира со учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година при што секој наставник задолжително прави распоред кој се истакнува на огласна табла со кој ги запознава учениците за времето и терминот за одржување на истите. Поради моменталната ситуација тие се одржуваат и online и во училиште според потребите и можностите на учениците. |

| 1.2 | Воннаставни активности | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| ● Годишна програма за работа на училиштето 2020/21 и 2021/22<br>● Извештај за работа на училиштето 2020/21 и 2021/22<br>● Педагошка евиденција и | • Организирање на воннаставни активности за учениците | • Во училиштето, во соработка со учениците, се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, а се во функција на нивниот образовен, личен и социјален развој. Преку членување во секции, соработка на проекти, учество на |

| | | |
|---|---|---|
| документација;<br>● Анкети со наставници, ученици и родители;<br>● Записници од стручни активи<br>● Извештаи од одговорни наставници за кариерен центар, младинска организација, Спортски клуб и Еко одбор<br>● WEB страна на училиштето<br>● Консултации со одговорни наставници | | манифестации, предавања, натпревари, работилници и акции, учениците ги развиваат личните, меѓучовечките и мултикултурните компетеници.<br>Неколку од реализираните активности се и следните:<br>- ,,Паркирај совесно“<br>- ,,Уметноста не познава граница, националност, вера и раса“<br>,,Образовно рандеву“ 2020 МАССУМ<br>- ,,Средба на првиот со најдобрите“-средба на 25 матуранти првенци од средните училишта<br>- ,,Зборувам на јазикот на другарчето“-МИО проект<br>- Виртуелна изложба“-промоција на цртежи и фотографии на ученици од средни училиште<br>- ,,Скопски маратон“-волонтерско учество<br>- ,,Прва помош спасува живот“-обука<br>- ,,Поттикнување на демократска клима во училиштата преку ученички инцијативи“-обука<br>- ,,Таа може“-проект за стекнување вештини за економска независност<br>- ,,Намалување на употребата на пестициди,инсектициди и хербициди во земјоделството“-награден проект од предизвик за млади истражувачи<br>- ,,Скопје трча“-волонтерско учество<br>- Вештина за зелен гред“-трибина<br>- Отворен ден<br>- Денови на занаетчиство во ОУ,,Блаже Конески“ под наслов ,,До врвот на успехот преку патот на занаетот“. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Дијана Стојаноска<br>- Елизабета Величковска<br>-Маргарита Димитровска<br>-Валбона Кадриу | **Анкетирани се 127 ученици. Анкетираните ученици се со различна полова,етничка припадност и застапеност на сите етнички групи. Преку спроведената анкета се добиени следниве податоци:**<br>• 78% од анкетираните учениците сметаат дека се запознаени со наставните планови и програми за секој предмет поодделно, односно наставниците ги запознаваат учениците со содржините и целите на наставната програма уште на самиот почеток на учебната година користејќи притоа разни форми и методи за реализација на истите.<br>• 58% од анкетираните ученици, сметаат дека наставниците целосно ги реализираа наставните програми имајќи разбирање за сите проблеми и потешкотии со кои се среќаваа.<br>• Повеќе од половината 59% се изјаснија дека содржините во најголем дел се прилагодени на ниво на знаење на учениците.<br>• 69% сметаат дека училиштето во голема мера го почитува правото за избор на наставните предмети земајќи ги во предвид нивната заинтересираност и потреба.<br>• Со истиот % се изјаснија и на прашањето дека можат слободно и самостојно да направат избор на наставните предмети според нивните професионални интереси.<br>• Половина од анкетираните ученици се запознаени за сите секции во училиштето во кои може слободно да учествуваат во зависност од нивните интереси и потреби.<br>• А исто толкав е и бројот на ученици запознаени со проектите кои се реализираат надвор од училиштето. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br>Дијана Стојаноска<br><br>Елизабета Величковска<br><br>Маргарита Димитровска<br><br>Валбона Кадриу | • **Анкетирани се 76 родители. Анкетираните родители се со различна етничка припадност и застапеност на сите етнички групи. Преку анкетата се добиени следниве податоци**<br>• 76% од анкетираните родители сметаат дека се запознаени со наставните планови и програми, односно класните раководители ги запознаваат родителите со содржините и целите на наставната програма за време на родителските средби .<br>• 79% се задоволни од начинот и квалитетот на реализација имајќи ја во предвид ситуацијата со пандемијата.<br>• Истиот % сметаат дека се почитува правото на избор на изборни предмети земајќи ги во предвид нивната заинтересираност и потреба.<br>• 68% од анкетираните родители се запознаени за сите секции во училиштето во кои може слободно да учествуваат во зависност од нивните интереси и потреби,а 22% делумно се согалуваат.<br>• Исто толкав е и бројот на родители запознаени со проектите кои се реализираат надвор од училиштето,а 12% не се согласни за ова прашање.<br>• Околу 70% се изјаснија дека воннаставите активности овозможуваат личен,социо-емоционален и психолошки развој на учениците,додека 21% делумно се согласуваат. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br>Дијана Стојаноска<br><br>Елизабета Величковска<br><br>Маргарита Димитровска<br><br>Валбона Кадриу | **Анкетирани се 59 наставници.Преку анкетата се добиени следниве податоци:**<br><br>• 92%од анкетираните наставници се согласуваат дека во услови на пандемија успешно се реализирани наставните планови и програми кои се реализираат со скратени програми од јасни причини, а се во согласност со МОН.Притоа реализацијата на истите е во пропишан обем по сите наставни предмети.<br>• 85% од анкетираните успешно ги прилагодуваат содржините на ниво на знаење на учениците, а 15% делумно се согласуваат.<br>• 86% се согласуваат дека при планирање на наставата се земаат во предвид разликите во напредокот,знаењето и можностите на совладување.Нема наставници кои не се согласуваат со ова.<br>• 88% се согласуваат дека користат разни техники и методи за реализација на наставата со цел да ги објаснат и доближат истите до учениците.<br>• Помал е процентот 65% дека располагаат со наставни средства и помагала за реализација на настава од далечина и настава со физичко присуство,а само 3% не се согласуваат со прашањето.<br>• 80% од наставниците сметаат дека во училиштето се почитува правото на избор на изборните наставни предмети ,а со ова 1 % не се согласува.<br>• Половина од анкетираните сметаат дека воннаставните активности ги задоволуваат интересите на учениците ,а 43% делумно се согласуваат со ова.<br>• Висок е процентот 97% дека во наставните планови и програми не е нарушена родовата и етничка рамноправност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 71% се согласуваат дека наставните содржини ги поврзуваат со практична примена и потребите на пазарот на трудот и локалната самоуправа,а 25% делумно се согласуваат.<br>• 81% сметаат дека училиштето е вклучено во активности кои придонесуваат за афирмација на учениците и развивање на нивните способности и вештини.<br>• 75% се согласни дека воннаставните активности се поврзани со личен,социо-емоционален и психолошки развој на учениците.<br>• 81% се согласуваат дека има доволно часови за обработка на нови содржини и да се утврди изучениот материјал. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Запознавање на учениците и родителите со наставната програма;
- Успешно реализирани програми за време на пандемијата;
- Почитување на родовата и етничка рамноправност;
- Вклучување на училиштето во активности кои придонесуваат за афирмација на учениците и развивање на нивните способности и вештини;
- Слободен и самостојен избор на предмети според професионалните потреби на учениците;
- Користењето техники и методи за реализација на наставата;
- Доволно време за обработка на новите содржини и за утврдување на истите.

**Слаби страни**

- Непостоење на секции во училиштето во кои може слободно да учествуваат во зависност од нивните интереси и потреби
- Незадоволување на интересите на учениците со воннаставните активности
- Слаба интерес и неинформираност на учениците за вклучување во проекти реализирани надвор од училиштето;

**Анализа на резултатите:**

Од прегледаните документи и информациите добиени преку анкети се гледа дека наставните планови и програми кои се реализираат во нашето училиште се одобрени од МОН. Наставниците имаат интегративен пристап, при реализација на наставните планови и програми со цел да се избегне преклопување на одредени содржини. За поуспешна реализација на наставните програми, еден дел од наставниците одбираат форми и методи на работа со ученици со различни способности. Со тоа се овозможува и индивидуален развој на учениците. Наставниците имаат современ приод во реализирање наставата и се обучени за примена на современи наставни методи. Постои желба и интерес кај наставниците за понатамошно професионално усовршување. Голем дел од наставниците вградуваат меѓупредметни цели во реализацијата на наставните програми. Училиштето нуди изборни предмети за учениците за кои е тоа предвидено со наставниот план. Наставниците се вклучени во организација и реализација на вонаставни активности со кои се афирмира училиштето и се овозможува афирмација на учениците и нивен развој. Во училиштето нема појави на полова и етничка нерамноправност.

Во училиштето има институционално регистрирани деца со посебни образовни потреби. Училиштето работи со внатрешно детектирани ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава и по прилагодени наставни планови и програми. Во работата со овие деца пристапот на наставниците е индивидуален. Треба да се подобри информираноста на родителите и да се зголеми нивниот интерес за наставниот процес, како би се делувало на подобрување на успехот на учениците. Постои и незадоволство во однос на снабденоста со стручна литература и помагала, но и појави постоечките помагала да не се доволно искористени. Учениците и родителите се информирани за наставните планови и програми , но не се доволно вклучени во реализација и промена на истите.

Нивото на организација на наставниот процес и употребата на ИКТ методи треба да се подобри. Во училиштето и во наставните програми нема примери за полова и етничка нерамноправност. Во вонншаставните активности се вклучуваат ученици по сопствен избор, а врз основа на способности, вештини, умеења и афинитети. Родителите сметаат дека училиштето е отворено за соработка и се задоволни од истата. Родителите и учениците се доволно запознаени со наставните планови и програми. Имаат влијание во реализација на истите, но не и во нивна измена и креирање. За наставата, сметаат дека е прилагодена на потребите на учениците со различни способности.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Зголемување и поттикнување на интересот на учениците за учество во воннаставни активности, секции, проекти, натпревари;
- Создавање услови за непречено користење на ИКТ во наставниот процес и други форми и методи за прилагодување на наставната програма и план според способноста на учениците;
- Подобрување на информираноста на учениците и родители со користење на сите нови технички можности во училиштето и образовниот систем во републиката, а со тоа и поттикнување на интерес за подобра соработка со родителите.
- Зголемување на фондот на стручна литература и подобрување на состојбата со снабденост со наставни и технички помагала, како и нивно маскимално искористување

Изработиле:

1.Дијана Стојаноска

2.Елизабета Величковска

3.Маргарита Димитровска

4.Валбона Кадриу

## 2. Постигнувања на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1. Постигнувања на учениците**

**2.2. Задржување / осипување на учениците**

**2.3. Повторување на учениците**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| **2** | **Постигнувања на учениците** | | |
| **2.1.** | **Постигнувања на учениците** | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Училишни програми и извештаи; Записници од стручни органи на училиштето,<br>• Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето; Анализи на успехот;<br>• Досиеја на ученици (за деца со посебни потреби се води студија на случај - анамнеза и психомоторен развој, ИОП, портфолио, бележник како напредува, предлог вежби); | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазикот на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди | • Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br>• Направена е детална анализа на постигнувањата на учениците за учебната 2020/2021 и 2021/2022 по наставни предмети години струки како јазикот на кои се следи наставата.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2020/2021 може да се забележи дека најдобар успех учениците во прва година постигнале по предметите ликовна уметност 4,17 ,практична настава 3,56 ,музичка култура 4,89, спорт и спортски активности 3,5 а најслаб успех по предметот македонски јазик и литература 2,56,материјали во козметика 3,15,материјали во фризерството 2,17,математика 3,25.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2020/2021 можев да се забележи дека најдобар успех учениците по II втора година постигнале по предметите англиски јазик 3,00,спорт и спортски активности 4,35,практична настава 2,92,микробиологија на храна со санитација ,операции и процеси и технологија на храна од растително потекло 2,38,а најслаб успех по предметот математика 2,34,македонски јазик и литература 2,53,физика ,2,82,биологија 1,75,физичка хемија 2,33фризерство и материјали во фризерството 2,4 аналитичка |

| | | |
|---|---|---|
| | | хемија 1,62.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2020/2021 можев да се забележи дека најдобар успех учениците по III трета година постигнале по предмети спорт и спортски и активности 4,11 ,математика 3,53,практична настава 3,83 а најслаб успех македонски јазик и литература 2,37,материјали во фризерството 2,56,англиски јазик 2,33,физика изборен 2,33,анализа на храна 2,6,естетика 2,22.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2020/2021 можев да се забележи дека најдобар успех учениците по четврта IV година постигнале по предметите спорт и спортски активности 4,27,бизнис 4,78,практична 4,62,а најслаб успех по предметот физика иборен 2,56,англиски јазик 3,31,прехранбена технологија 2,12. Сумарно просек на учениците за учебната 2020/2021 по години е следен: прва година 3,12, втора година 3,15, трета година 3,22, четврта 3,71 и вкупно среден успех за сите години 3,30.<br>• Направена е детална анализа на постигнувањата на учениците за учебната 2021/2022 и 2021/2022 по наставни предмети години струки како јазикот на кои се следи наставата.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2021/2022 може да се забележи дека најдобар успех учениците поI прва година постигнале по предмети спорт и спортски активности 4,00 ,ликовна уметност 3,62,основи на прехранбенав технологија 3,8 материјали во козметика 3,95 најслаб успех по предметот албански јазик и литература 2,13,информатика 2.03, физика 2,75, биологија 2,26,материјали во фризерството 2,00,математика 1,95. Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2021/2022 можев да се забележи дека најдобар успех учениците по II втора година постигнале по предметите историја е3,89,шминкање 4,67,англиски јазик 3,33,спорт и спортски активности 4,22,,а најслаб успех по предметот математика 2,24,македонски јазик и литература 2,00, физика, 1,75,биологија 1,75,аналитичка хемија 2,00, познавање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | материјалит 2,33.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2021/2022 може да се забележи дека најдобар успех учениците по III трета година постигнале по предмети спорт и спортски и активности 4,13, практична настава 4.28, третман во нега на раце и тело 5,00, технологија на храна од растително потекло 4,00, организационо однесување 4,33, македонски јазик и литератрура за учениците од другите заедници 4,25. Најслаб успех претприемништво 2,35, фризерство 2,25, иструментални анализи 2,5, биохемија 2,5, естетика 2,5, англиски 2,33, загадување и заштита на вода почва и воздух 2,33.<br>Според постигнатиот успех на учениците по наставни предмети во 2021/2022 можев да се забележи дека најдобар успех учениците по четврта IV година постигнале по предметите применета козметика 5,00, спорт и спортски активности 4,74, граѓанско образование 4,00, бизнис 5,00, практична настава 5,00, а најслаб успех по предметот физика изборен 2,14, англиски јазик 2,5, македоснки јазик и литература за учениците од други заедници 2,46, хемија иборен 2,00, сметачи и програмирање 2,00.<br>Сумарно просек на учениците за учебната 2021/2022 по години е следен: прва година 3,22, втора година 3,00, трета година 3,51, четврта 3,50 и вкупно среден успех за сите години 3,30.<br>• Во учебната 2020/2021 година се реализира полагање на Државна матура и Завршен испит на четиригодишно и тригодишното образование и се постигнаа следниве резултатити:<br>**Јунски испитен** рок 2021 година државна матура на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 17, положиле 11;<br>- албански наставен јазик - пријавени 11, положиле 3.<br>**Јунски испитен** рок 2021 година завршен испит за четиригодишно образование на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 13 , положиле 12<br>- албански наставен јазик - пријавени 4, положиле /.<br>**Јунски испитен** рок 2021 година завршен испит за |

| | | |
|---|---|---|
| | | тригодишно образование на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 48, положиле 24;<br>- албански наставен јазик - пријавени 34, положиле 15;<br>- турски наставен јазик - пријавени 7, положиле 2.<br>**Августовски испитен рок** 2021 година државна матура на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 6, положиле 4;<br>- албански наставен јазик - пријавени 8, положиле 2.<br>**Августовски испитен** рок 2021 година завршен испит за четиригодишно образование на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 1, положиле 1;<br>- албански наставен јазик - пријавени 4,положиле 1.<br>**Августовски испитен** рок 2021 година завршен испит за тиригодишно образование на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 24, положиле 14,<br>- албански наставен јазик - пријавени 14, положиле 9;<br>- турски наставен јазик - пријавени 5, положиле 3.<br>• Во учебната 2021/2022 година се реализира полагање на Државна матура и Завршен испит на четиригодишно и тригодишното образование и се постигнаа следниве резултатити:<br>**Јунски испитен** рок 2022 година државна матура на;<br>- македонски наставен јазик - пријавени 19,<br>- албански наставен јазик - пријавени 15.<br>**Јунски испитен** рок 2022 година завршен испит за четиригодишно образование на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 21, положиле 21;<br>- албански наставен јазик - пријавени 5, положиле 5.<br>**Јунски испитен** рок 2022 година завршен испит за тиригодишно образование на:<br>- македонски наставен јазик - пријавени 42, положиле 36;<br>- албански наставен јазик - пријавени 31, положиле 18;<br>- турски наставен јазик - пријавени 4, положиле 4. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | • Училиштето им обезбедува достапност на учениците до наставниците, преку редовна или друг вид на настава, доколку тие имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини |

| 2.2. | Задржување / осипување на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Програми за работа на училиштето;<br>• Извештаи на училиштето; Список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение во основно образование (од надлежни служби од општината);<br>• Преглед на запишани ученици според реонизацијата на општината;<br>• потребна документација за упис, Анализите на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата;<br>• План за одржување на наставата во основните и средните | • Опфат на учениците<br>• Број на ученици во паралелки/групи<br>• Ученици запишани во редовна настава кои немаат соодветна документација<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците | • Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.<br>• Има изградена политика за запишување и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (формирана училишна комисија, покани до родители, посети на семејства, посета на градинки, проверка на потврда за примени вакцини, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница, граѓански организации)<br>• Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и известува надлежни институции.<br>• Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование.<br>• Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес.<br>• Училиштето целосно ја почитува законската одредба за |

| | | |
|---|---|---|
| училишта во учебната 2020/2021 година; Увид во педагошката евиденција и во документација; Известувања на училиштето до надлежните органи (МОН, Државен/општински просветен инспекторат - ДПИ и Центар за социјални работи );<br>• Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.);<br>• Покани за советување; Записници од одржани советувања со 10 родителите; | | бројот на ученици по паралелки/групи.<br>• За паралелките/групите со помал број на ученици навремено обезбедува согласност од основачот по претходно позитивно мислење од МОН.<br>• Истите се опфатени во редовна настава и училиштето има податоци за процедура за нострификација и еквиваленција на нивната документација. Определувањето за вклученост во соодветно одделение го врши училиштето по сопствени изработени инструменти.<br>• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците како со физичко присуство исто и со учење од далечина, ги анализира причините за отсуство од наставата, ги посетува учениците и презема конкретни активности.<br>• Соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за што води уредна документација, известува надлежни институции, врши анализи на резултатите од советувањето и се следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.<br>• Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето. |

| **2.3.** | **Повторување на учениците** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Интерни училишни акти; Анализа за успехот на учениците во последните три години;<br>• Увид во педагошка евиденција и | • Ученици кои не ја завршуваат годината/образованието | • Најголем број на ученици ја завршуваат годината.<br>• Процентот на ученици во средното училиште кои положиле завршен испит, училишна матура, државна матура и меѓународна матура е во постојан раст.<br>• Во училиштето постојат пропишани процедури за |

| | | |
|---|---|---|
| во документација; Записници од разговорите со учениците, родителите и стручната служба; Примери од поднесени и разгледани жалби од родители и ученици. | | идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои не го завршуваат образованието. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Дурим Зеќири,<br>Мирјана Крстевска,<br>Слаѓана Јаневска,<br>Блерим Касуми | **Анкетирани се вкупно 127 ученици (67 македонци, 53 албанци турци 7), од кои 79 женски и 48 машки**.<br><br>• 68% од анкетираните се согласуваат, 22% делумно се согласуваат а 10% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето им овозможува премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.<br>• 50% од анкетираните се согласуваат, 35% делумно се согласуваат а 14% не се согласуваат со констатацијата дека во постојаано се организира додатна настава за надарени ученици.<br>• 54% од анкетираните се согласуваат, 21% делумно се согласуваат а 18% не се согласуваат со констатацијата дека дека училиштето во текот на целата учебна година, по сите предмети, реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето или за ученици со посебни образовни потреби.<br>• 71% од анкетираните се согласуваат, 21% делумно се согласуваат а 9% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето ја следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата и се |

| | | |
|---|---|---|
| | | превземаат активности за зголемување на редовноста со еднаков пристап според полот, етничка припадност и социјално потекло.<br>• 68% од анкетираните се согласуваат, 25% делумно се согласуваат а 7% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште, ги бара и доставува значајните информации за извршувањето на трансверот.<br>• 56% од анкетираните се согласуваат, 33% делумно се согласуваат а 14% не се согласуваат со констатацијата дека On-line наставата овозможи во услови на пандемија да се реализира образовен процес.<br>• 70% од анкетираните се согласуваат, 21% делумно се согласуваат а 9% не се согласуваат со констатацијата дека практичната работа, настава кај работодавач и редовноста на учениците во образовен процес се фактори за полесно вклучување на учениците на пазарот на трудот<br>• 46% од анкетираните се согласуваат, 32% делумно се согласуваат а 23% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето ги запознава учениците со политиката за напредување на активности кои се преземаат и правото за поднесување на жалба при повторување на учебна година.<br>• 55% од анкетираните се согласуваат, 21% делумно се согласуваат а 22% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето организира заеднички вонаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштата или во партнерство со други училишта. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Дурим Зеќири,<br><br>Мирјана Крстевска,<br><br>Слаѓана Јаневска,<br><br>Блерим Касуми | **Анкетирани се вкупно 76 родители (43 македонци, 27 албанци и 6 турци), од кои 45 женски и 31 машки.**<br>• 69 % од анкетираните се согласуваат , 26% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат дека училиштето ги анализира постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување.<br>• 2.76 % од анкетираните се согласуваат , 17% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат дека училиштето ја почитува постапка за премин од едно во друго училиште, ги бара и доставува значајните информации за извршување на трансверот.<br>• 3.70 % од анкетираните се согласуваат , 23% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат дека задолжителното средно образование придонесува за зголемување на бројот на ученици кои го заокружуваат образовен процес.<br>• 52 % од анкетираните се согласуваат , 32% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 13% не се согласуваат дека училиштето во текот на целата учебна година, по сите предмети, реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето или се ученици со посебни образовни потреби.<br>• 77 % од анкетираните се согласуваат , 19% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат дека училиштето системски ја следи редовноста на учениците како со физичко присуство исто и со учење од далечина, ги анализира причините за отсуство од наставата, ги посетува учениците и презема конкретни активности.<br>• 75 % од анкетираните се согласуваат , 18% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат дека училиштето соработува со родителите за да ја зголеми |

| | | |
|---|---|---|
| | | редовноста на учениците во наставата и ги реализира советувањата на родителите за што води уредна документација.<br>• 57 % од анкетираните се согласуваат, 32% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 9% не се согласуваат дека On-line наставата овозможи во услови на пандемија да се реализира образовен процес.<br>• 75 % од анкетираните се согласуваат, 18% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 5% не се согласуваат со констатацијата дека родителите навремено се информираат за успехот и редовноста на учениците со следење на податоци од електронскиот дневник.<br>• 65 % од анкетираните се согласуваат, 26% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 2% не се согласуваат со констатација дека дуалното образование го олеснува образованието и редовноста на учениците во образовен процес и полесно вклучување на учениците на пазарот на трудот<br>• 73 % од анкетираните се согласуваат , 19% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 3% не се согласуваат со констатација дека училиштето заедно со класниот раководител ги идентификува и анализира причините за повторување на ученици во учебната година и навремено преземање на мерки.<br>• 11.68 % од анкетираните се согласуваат , 22% од анкетираните наставници делумно се согласуваат, а 6% не се согласуваат со констатација дека училиштето ги запознава учениците и родителите за напредување на учениците, активностите кои се преземаат и правото за поднесување на жалба при повторување на учебната година |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
- Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија;
- Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците;
- Сите наставници изготвуваат и користат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште, кои се усогласени барањата на МОН,, БРО и ЦСОО;
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува;
- Наставниците организираат формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите;
- Училиштето изработува интерни акти и кодекси како за наставниците така и за учениците и др персонал;
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што поттикнува прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;
- Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и училиштето), при што се почитуваат естетски норми и тие редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето.

Слаби страни

- Недостасува повратна информација од директорот и стручните соработници кои ги следат плнирањата на наставниците;
- Нецелосна функционалност на опремата за ИКТ во реализација на наставниот процес;
- Има мал број училници и други простории што поттикнуваат интерес за учење, освен неколку кабинети кои се добро опремени;
- При реализаицијa на наставата од далчина учениците се вклучуваат со поттешкотии и делумно ги применуваат алатките за учење од далечина;
- Подобрување на комуникација со ученичката заедница и мотивацијата на учениците;
- Мал број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим користат различни интерактивни техники на поучување, иако во училиштето постои инклузивен тим;
- Родителите на децата со посебни образовни потреби воглавно поднесуваат изјави за вклучување на децата во редовна настава и покрај тоа што се запознаени со поволностите што ученикот би ги добилако слеи настава по ИОП;
- Мал број наставници ги усогласуваат планирањата во рамките на стручните активи, да користат стручни искуства од различни медиуми и друго;
- Помал број наставници користат различни ресурси и приоди за учење и настава со различни интерактивни методи за да ги поттикнат сите ученици за градење на меѓусебна доверба;
- Недоволна вклученост на учениците во оценувањето и самооценувањето.

**Анализа на резултатите:**

Наставата во нашето училиште се одвива на македонски, албански и турски јазик. Распоредот на часови е изработен во согласност со бројот на наставни предмети кои ги реализираат наставниците и просторните услови во училиштето.

Наставниците за реализација на настава со физичко присуство и настава од далечина користат разновидни наставни форми, техники и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.

Наставниците изготвуваат Годишни, тематски и дневни планирања за работа во согласност со Наставниот план и наставните програми. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат. Планирањето за редовна настава е усогласено кај сите наставници со скратените наставни програми. Наставниците изработуваат и планирања за додатна, дополнителна, вонnаставни активност, слободни часови и содржини планирани од училиштето за настава со физичко присуство и за настава со учење од далечина. За работа со ученици кои немаат капацитет да ги совладаат содржините наставниците планираат дополнителни часови. За проширување и продлабочување на знаењата наставниците планираат додатни часови. Недостатокот од кабинетска настава влијае на мотивираноста на учениците. Стручните активи помагаат на наставниците во планирањето на часовите и примена на современите методи и форми во наставата. Се реализираат и воннаставни активности, слободни часови, проектни активности. Планирањата се следени од директорот на училиштето, стручната служба и надлежни органи надвор од училиштето.

За поефикасно планирање и реализирање на наставните часови наставниците ги користат дадените насоки од страна на МОН, искуствата од состаноците на Стручните Активи. Училиштето обезбедува услови за стручно усовршување на наставниците.

Училиштето организира доедукација и обука за користење на дигитални алатки на наставниот кадар за кои е потребна целосна примена на алатките за реализација на наставата од далечина.

Во училиштето се почитуваат Планот за реализација на наставата за учебната 2020/2021 и Протоколот за превземени мерки за реализиација на редовна настава, учење преку работа, феријална практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач се реализираа во услови на вонредна состојба како и за учебната 2021/22 година во нормални услови според насоките и протоколитее за

| |
|---|
| заштита.<br><br>Родителите навремено се информираат за постигањата, редовноста и дисциплината на учениците преку планирани средби и електронски дневник. За тековни активности во училиштето родителот се информира преку Совет на родители. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Подобрување и обезбедување на просторни и материјални услови за работа<br>• Соработка со родители, воспитно образовни и др. институции за подобрување на воспитно образовната компонента на учениците и ученичкиот живот;<br>• Професионална соработка на наставниците(на ниво на стручни активи, менторство итн.);<br>• Подобрување на интернет мрежата и функционална ИКТ опрема, опремување на училиштето со различни ресурси и приоди за учење; |

Изработиле:

1.**Валентина Димитриевска**

**2.Соња Кузмановска**

**3.Ајлин Карахасан**

**4.Рагип Муртези**

## Поддршка на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**4.1. Севкупна грижа за учениците**

**4.2. Здравје**

**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 4 | Поддршка на учениците | | |
| 4.1. | Севкупна грижа за учениците | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Програма за работа на директорот<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Статут на училиштето<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Правилник за постапување при елементарни непогоди<br>• Програма за заштита од земјотреси<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | • Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот и.т.н.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.<br>• Со куќниот ред на училиштето кој е истакнат на видно место и може секој да го прочита дефинирано е однесувањето во училишната зграда и дворот.<br>• Реализацијата на практичната настава и практичните вежби и користењето на хемикалии, алати-прибор, инструменти и материјали со кои можат да се повредат, се изведува само под надзор на наставник.<br>• Програмата за заштита од земјотреси предвидува едукација на учениците во случај на земјотрес, едукација на тимови и симулација на земјотрес, но симулацијата досега не е изведена.<br>• За заштита од пожари училиштето има обезбедено противпожарни апарати, извршена е обука на вработените за ракување со ПП апарати, има направено план за евакуација, Правилник за ППЗ, како и акти и упатства за постапување во случај на елементарни непогоди. Потребни се додатни обуки |

| | | |
|---|---|---|
| | | за новите вработени.<br>• Во училиштето има наставници обучени за давање прва помош при несреќни случаи. |
| • Кодекс за однесување на ученици<br>• Кодекс за однесување на наставници<br>• Анкети со ученици, наставници и родители<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Правилник за дежурства во училиштето<br>• Книга на дежурства<br>• Извештаи од проекти<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Подршка на ученици кои не се вклучени во настава со физичко присуство и учење од далечина<br><br>• Првенција од насилство | • За учениците кои не се вклучени во наставата со физичко присуство и не следат настава од далечина, училиштето навремено и редовно обезбедува печатен материјал.<br>• Училиштето има пишан документ - кодекс на однесување на ученици и наставници во кој се дефинирани сите облици на однесување на учениците и наставниците и при тоа се дефинираат сите облици на физичко и психичко насилство. Тој е истакнат на видно место каде може секој да го прочита.<br>• Службата за обезбедување ги контролира излегувањата и влегувањата во училишната. Секојдневните дежурства на наставниците за време на одморите и часовите, контролата на влез во училиштето и дисциплината низ училиштето уште повеќе ја зајакнуваат грижата на учениците.<br>• Училиштето има добра соработка со МВР и со одделенијата за малолетничка деликвенција и семејно насилство чии претставници доаѓаат секогаш кога ќе бидат повикани (во случај на насилство, но и за да одржат предавања за видовите на насилства и превенцијата од нив). |

| | | |
|---|---|---|
| • Статут на училиштето<br>• Протокол за реагирање при сомневање за користење или поседување алкохол во училиштето<br>• Програма за работа на раководител на паралелка со вклучена програма за ОЖВ<br>• Записници од педагошко-психолошката служба<br>• Записници од одржани родителски средби<br>• Записници од одржани совети на паралелки<br>• Поединечни контакти со родителите<br>• Програма за работа на раководител на паралелка<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Заштита од злоупотреба на информатичката технологија за време на наставата<br><br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога | • Во училиштето имаше организирани обуки за заштита од злоупотреба на ИКТ за наставниците, но потребни се повеќе такви обуки и за учениците.<br><br>• Пушење, алкохол и дрога се најстрого забранети. На видни места поставени се налепници за забрана за пушење. При секое отстапување се постапува со соодветни педагошки мерки согласно Статутот на училиштето и протоколот за регирање при сомневање за користење или поседување алкохол или дрога во училиштето.<br>• Класните раководители посветуваат по неколку класни часови во текот на учебната година посветени на овие теми. Се одбележуваат деновите за борба против зависностите на глобално ниво со соодветни предавања и реферати.<br>• Во поединечните контакти со родителите се укажува на забележани користења на овие супстанции, се вршат советувања со стручните служби (записници од средби родител-ученик-наставници-психолог) и се врши превенција од проширување на овие појави.<br>• Учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци благодарејќи на соработката на училиштето со здравствени организации чии претставници - лекари доаѓаат во училиштето и им одржуваат предавања на учениците за штетните последици од пушењето, консумирањето алкохол и наркотични средства.<br><br>• Во училиштето нема организирана исхрана, но во близина на |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкети со ученици, наставници и родители | • Навремено обезбедување на квалитетна достапна храна | училиштето има продавници во кои се нуди храна за учениците. Наставниците водат кампања за здрава исхрана на учениците во рамки на класните часови преку програмата за животни вештини. |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Интервју со психологот на училиштето<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | • На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува особено внимателно со цел да не се повреди нивната личност, а кон истите се превземаат соодветни активности за санирање или ублажување на нивната состојба. За таа цел се организираат акции за хуманитарна помош во рамките на вонnаставни активности.<br>• Училиштето соработува со центрите за социјална работа и активно е вклучено во проектот за условен паричен надоместок за ученици од социјално загрозени семејства.<br>• Се организираат посети на установи во кои се згрижени наши ученици (СОС – детско село и Домови за деца без родители). |

| **4.2.** | **Здравје** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Увид во училишниот простор<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Спроведено интервју со Митко Петрески -одговорно лице за технички персонал | • Хигиена и заштита од болести | ● Хигиената во училиштето задоволува. Тоалетите за учениците и наставниците се чистат и дезинфицираат на секои два часа на дневно ниво, но и секој петок се прави неделно генерално чистење. Во секоја училница има корпа за отпадоци. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот |

| | | |
|---|---|---|
| • Куќен ред<br>• Записници од санитарна инспекција<br>• Систематски прегледи<br>• Извештаи од систематски прегледи<br>• Извештаи за вакцинација на учениците<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | | (пред почетокот на секоја смена и на крајот од денот). Прозорците, вратите и другиот инвертар се чистат два пати во секое полугодие –задолжително на секој распуст, но и покрај тоа се врши редовно генерално чистење секој месец.<br>● Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, има корпи, а земјените површини се позеленети и редовно се одржуваат.<br>Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и друг отпад што може да се рециклира.<br>● Во соработка со здравствените домови се одржуваат предавања за превенција од заразни болести или епидемии.<br>● Секоја година учениците редовно се носат на систематски прегледи и се вакцинираат согласно календарот на Министерството за здравство.<br>● Наставниците редовно ги советуваат учениците за правилно одржување на личната хигиена.<br>● Училиштето има политика за постапување при појава на заразни болести. Во тој случај хигиената се одржува на највисоко ниво и води редовна евиденција за отсуства на учениците.<br>● Наставниците постапуваат согласно медицинските препораки (доколку е препораката да не вежбаат на часовите по физичко воспитание се постапува по неа). |

| 4.3. | Советодавна помош при натамошно образование на учениците | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Флаери, постери од образовни институции<br>• Записници од родителски средби<br>• Увид во графичката работилница<br>• Увид во училишниот салон за козметика и фризерство<br>• Анкети со ученици, наставници и родители | • Давање помош при избор на занимањето/ институ-цијата за понатамошно образование, доусовршу-вање или вработување | • Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел се користат промотивни материјали на образовните институции и се врши посета на саеми на образование и соодветни образовни институции.<br>• Во училиштето работи центарот за кариера, програма во рамките на слободните часови наменета за ученици од сите струки и образовни профили во четригодишно стручно образование постари од 16 год. и користи Прирачник со што на учениците ќе им овозможи стекнување на знаења и вештини од областа на рзвојот на кариерата. Учениците добиваат помош за развој на сопствен кариерен план, изработка на кратка биографија, подготовка на интервју за работа, истражување на високообразовни институции, идинтификување на работни места согласно избраното занимање, активно барање на работа.<br>• Се врши редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручните служби.<br>• Хигиената во училиштето задоволува. Тоалетите за учениците и наставниците се чистат и дезинфицираат на секои два часа на дневно ниво, но и секој петок се прави неделно генерално чистење. Во секоја училница има корпа за отпадоци. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, |

| | | |
|---|---|---|
| | | подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот од денот). Прозорците, вратите и другиот инвертар се чистат два пати во секое полугодие –задолжително на секој распуст, но и покрај тоа се врши редовно генерално чистење секој месец.<br>• Постои соработка помеѓу училиштето и занаетчиската комора Постои соработка помеѓу училиштето, занаетчиската комора и стопаснка комора на Република Северна Македонија. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Наџије Алија<br>Јованка Јосифова<br>Марија Џолева<br>Атанас Филиповски | Анкетирани се 127 ученика од кои 68-мак.,53-алб., 6-турски<br>или вкупно 48 машки и 79 женски.<br>• На прашањето **„Учениците, наставниците и сите вработени се заштитени и безбедни во однос на инфраструктурата, компјутерите, машините и техничко-научните инструменти во училиштето и училишниот двор“** одговориле: 58,27,% - се согласувам, 33,86% - делумно се согласувам,7,87% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштетото се забранува секаков вид на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците“** одговориле: 64,57% - се согласувам, 28,35% - делумно се согласувам, 7,08% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштето строго се почитува забраната за пушење, консумирање на алкохол и наркотични средства“** одговориле: 54,33% - се согласувам, 33,71% - делумно се согласувам, 14,96% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„За време на одморот учениците имаат доволно време да купат и консумираат оброк, а достапната храна е квалитетна и со пристапни цени“** одговориле: 36,01% - се согласувам, 20,47% - делумно се согласувам, 42,52% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Учениците со пречки во развој/ физичка попреченост се прифатени од соучениците, вработените во училиштето, инклузивниот тим и родителите на другите ученици.“** одговориле: 53,54% - се согласувам, 34,65% - делумно се согласувам, 11,81% - не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • На прашањето **„Хигиената во училиштето и училишниот двор се одржува редовно и ефективно“** одговориле: 44,88% - се согласувам, 40,16% - делумно се согласувам, 14,36% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Училиштето обезбедува онлајн настава според договорените процедури за грижа за ученици со хронично заболување, заразно заболување или посериозни повреди поради кои подолго време отсутвуваат од настава.“** одговориле: 53,53% - се согласувам, 29,13% - делумно се согласувам, 17,32% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Стручната служба – психологот им помага на учениците со емоционални тешкотии и води грижа тие да се прилагодат на училишната средина.“** одговориле: 62,20% - се согласувам, 27,56- делумно се согласувам, 110,24% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Учениците имаат можност да добијат информации и советодавна помош за понатамошно образование, доусовршување или вработување“** одговориле: 66,93% - се согласувам, 26,77% - делумно се согласувам, 6,30% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Инфраструктурата во училиштето, компјутерите, машините и техничко-научните инструменти се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците“** одговориле: 66,67% - се согласувам, 24,07% - делумно се согласувам, 9,26% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„На учениците им се обезбедува помош при несреќни случаи или здравствени проблеми од страна на стручниот и наставничкиот кадар во училиштето“** одговориле: 73,23% - се согласувам, 20,47% - делумно се согласувам, 6.30% - не се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • На прашањето **„Во училиштето е организирана современа практична настава за развивање на вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот“** одговориле: 56,60% - се согласувам, 22,83% - делумно се согласувам, 12,60% - не се согласувам. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Наџије Алија<br>Јованка Јосифова<br>Марија Џолева<br>Атанас Филиповски | Анкетирани се вкупно 76 родители од кои 34-мак.,27-алб., 6-турски или вкупно 31 машки и 45 женски.<br><br>• На прашањето **„Учениците, наставниците и сите вработени се заштитени и безбедни во однос на инфраструктурата, компјутерите, машините и техничко–научните инструменти во училиштето и училишниот двор“** одговориле: 68,42% - се согласувам, 25% - делумно се согласувам, 6,58% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштетото се забранува секаков вид на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците“** одговориле: 68,42% - се согласувам, 27,63% - делумно се согласувам, 3,95% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Учениците со пречки во развој/ физичка попреченост се прифатени од соучениците, вработените во училиштето, инклузивниот тим и родителите на другите ученици. “** одговориле: 65,79% - се согласувам, 25% - делумно се согласувам, 9,21% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„ Училиштето обезбедува онлајн настава според договорените процедури за грижа за ученици со хронично заболување, заразно заболување или посериозни повреди поради кои подолго време отсутвуваат од настава.“** одговориле: 57,89% - се согласувам, 32,89% - делумно се согласувам, 9,21% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Стручната служба – психологот, им помага на учениците со емоционални тешкотии и води грижа тие** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **да се прилагодат на училишната средина“** одговориле: 61,84% - се согласувам, 32,89% - делумно се согласувам, 5,26% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„ Учениците имаат можност да добијат информации и советодавна помош за понатамошно образование, доусовршување или вработување “** одговориле: 65,79% - се согласувам, 31,5% - делумно се согласувам, 2,63% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„ На учениците им се обезбедува помош при несреќни случаи или здравствени проблеми од страна на стручниот и наставничкиот кадар во училиштето “** одговориле: 65,79%- се согласувам, 26,32% - делумно се согласувам, 7,89% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштето се организираат предавања и дебати за хигиена, превенција од заразни болести и психичко и физичко насилство“** одговориле: 48% - се согласувам, 38% - делумно се согласувам, 14% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Постои соработка помеѓу училиштето и родителите во врска со напредокот на учениците“** одговориле: 77,63% - се согласувам, 18,42% - делумно се согласувам, 3,95% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштето е организирана современа практична настава за развивање на вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот“** одговориле: 67,10% - се согласувам, 26,32% - делумно се согласувам, 6,58% - не се согласувам. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
| --- | --- | --- |
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Наџије Алија<br>Јованка Јосифова<br>Марија Џолева<br>Атанас Филиповски | Анкетирани се вкупно 59 наставници од кои 37-мак.,20-алб., 2-турски или вкупно 20 машки и 39 женски.<br><br>• На прашањето **„Учениците, наставниците и сите вработени се заштитени и безбедни во училиштето и училишниот двор“** одговориле: 83,1% - се согласувам, 13,6% - делумно се согласувам, 3,39% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштето строго се почитува забраната за пушење, консумирање на алкохол и наркотични средства“** одговориле: 89,8% - се согласувам, 6,78% - делумно се согласувам, 3,39% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„ Учениците со пречки во развој/ физичка попреченост се прифатени од соучениците, вработените во училиштето, инклузивниот тим и родителите на другите ученици.“** одговориле: 81,36% - се согласувам, 16, 95% - делумно се согласувам, 1,70% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Хигиената во училиштето и училишниот двор се одржува редовно и ефективно “** одговориле: 74,57% - се согласувам, 29,72% - делумно се согласувам, 1,70% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„ Училиштето обезбедува онлајн настава според договорените процедури за грижа за ученици со хронично заболување, заразно заболување или посериозни повреди поради кои подолго време отсутвуваат од настава. “** одговориле: 93,22% - се согласувам, 6,78% - делумно се согласувам, 0% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Стручната служба – психологот, им помага** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **на учениците со емоционални тешкотии и води грижа тие да се прилагодат на училишната средина“** одговориле: 88,14% - се согласувам10,17% - делумно се согласувам, 1,70% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„ На учениците им се обезбедува помош при несреќни случаи или здравствени проблеми од страна на стручниот и наставничкиот кадар во училиштето “** одговориле: 89,8%- се согласувам, 8,47% - делумно се согласувам, 1,70% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Наставниците водат целосна и редовна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците вклучувајќи го и електронскиот дневник“** одговориле: 89,8% - се согласувам, 8,47% - делумно се согласувам,1,70% - не се согласувам.<br>• На прашањето **„Во училиштето е организирана современа практична настава за развивање на вештини важни за конкурентноста на пазарот на трудот“** одговориле: 34% - се согласувам, 58% - делумно се согласувам, 8% - не се согласувам. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава за сите ученици и обезбеден е пристап за учениците со физичка попреченост;
- Во училиштето редовно се одржуваат активности за превенција од сите видови насилство и заштита од пороците на денешницата и (пушење, алкохол и дрога);
- Постои соработка помеѓу наставниците, стручните служби, родителите на учениците и учениците, особено во однос на прифаќањето на учениците со пречки во развој/физичка попреченост;
- Се води грижа за учениците со емоционални потешкотии и социјални проблеми од страна на стручната служба - психологот и наставниците;
- Организирана он-лајн настава за учениците со хронично заболување, заразно заболување или посериозни повреди поради кои подолго време отсуствуваат од наставата во услови на пандемија;
- Учениците добиваат помош и информации за понатамошното образование, доусовршување или вработување;
- Уќилиштето има добра соработка со локалната заедница, здравствените домови и МВР;

**Слаби страни**

- Нема организирана исхрана во училиштето;
- Наставниците не се доволно обучени за работа со ученици со посебни образовни потреби;
- Во инклузивниот тим недостасува дефектолог кој би им помогнал на наставниците при адаптацијата на наставните програми (ИОП);
- Нема просторни капацитети за слободни ученички активности и вонннаставни активности.

**Анализа на резултатите:**

Од направената анализа може да се констатира дека:

Училиштето е безбедно за изведување на настава. Учениците и наставниците се однесуваат согласно куќниот ред на училиштето. Инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, прозори, струјни места и др.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има вработени со вештини за давање на прва помош при несреќни случаи и ПП заштита, но има потреба од дополнителна обука.

Има протоколи за постапување во случај на елементарни непогоди, но редовно не се изведуваат симулации.

Во училиштето со статутот се дефинирани сите облици на насилство кои се забранети и предвидени се мерки за справување со евентуална појава на физичко или психичко насилство. Потребно е почесто да се организираат дебати и други манифестации за превентивно делување во случај на конфликти помеѓу учениците во училиштето, бидејќи тие често се случуваат, а се санкционираат со дисциплински мерки и педагошки опомени.

Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и наркотични средства или нивна дистрибуција, соработува со локалната заедница и службата на МВР за справување при евентуални појави од овој вид. Училиштето има пишан документ – протокол за реагирање при сомневање за користење на овие супстанци.

Училиштето нема организирана исхрана и контрола на квалитетот на храната која се нуди во околината, но се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Во училиштето се води грижа за учениците со телесни пречки во развојот, преку поттикнување на соучениците и наставниците за давање помош во наставните и вонваставните активности. Просторните можности не се соодветни за ученици со телесни пречки во развојот и во училиштето не постои посебен тоалет и посебен пристап за нив. Во училиштето има ученици со полесни телесни пречки и тие непречено се движат низ училниците и ходниците.

За учениците од социјално загрозените семејства се организираат хуманитарни акции, а исто така училиштето активно соработува со надлежните институции за спроведување на програмата за условен паричен надоместок. Училиштето нема социолог, но во училиштето активно се соработува на ова поле затоа што има голем број на ученици со социјални проблеми во семејството.

Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Се одржуваат предавања за превенција од заразни болести.

Училиштето соработува со Здравствениот дом и сите ученици се редовно вакцинирани и систематски прегледани. За учениците се организираат санитарни прегледи. Учениците се информираат редовно од страна на наставниците за заразните болести и превенција од нив. Доколку е воочен здравствен проблем кај одредени ученици, училиштето целосно ги почитува медицинските препораки. По потреба учениците кои неможат да бидат оценети се упатуваат на испит на годината, а класниот раководител при тие случаи редовно и навремено соработува со ученикот, родителите и стручните служби на училиштето и го следи напредокот на учениците.

Училиштето обезбеди квалитетна онлајн настава за учениците со хронични заболувања, заразни болести или потешки повреди.

Училиштето им обезбедува на учениците општи информации за нивно понатамошно образование, доусовршување или вработување. Исто така им нуди помош при изработка на биографија, подготовка на интервју за работа и добро организирана практична работа. Училиштето соработува со занаетчиската комора на Р.Македонија која е во партнерство со комората на занаетчии од Кобленц, Р.Германија, а исто така и со ЦСОО на Р.Македонија која е во партнерство со ЦСОО на Р.Словенија.

Училиштето има договорени процедури за грижа за ученици со емоционални проблеми за чие спроведување се грижи стручна служба – психолог, како и директор и помошник директор. Има соработка со здравствени установи, центар за социјална работа и други установи ако се забележи потреба од таков вид на помош за учениците.

Наставниците во училиштето водат целосна и уредна документација за постигнувањата, редовноста и поведението на секој ученик како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Родителите редовно се информираат за успехот и поведението на учениците од класните раководители, од е-дневникот или со SMS пораки. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на учениците кои се направени од страна на наставниците и стручните служби. Постои соработка на највисоко ниво помеѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците, родителите и учениците.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка, а одговорните на совет на паралелки подготвуваат извештаи за редовноста, успехот и педагошките мерки до Наставничкиот совет што се одржува редовно и по потреба. Анализите и извештаите се целосно достапни за сите наставници, стручни служби, раководен кадар, родители и ученици и се користат за подобрување на воспитно – образовниот процес.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обуки на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби и телесни пречки во развојот и комплетирање на инклузивниот тим за обезбедување на добро адаптирани ИОП (инклузивни образовни програми);
- Соработка со локалната заедница за организирање трибини за проблемите на младите (емоционални и социјални) како и за превенција од зависности и различни облици на насилство;
- Соработка со агенцијата за вработување за спроведување тестирања за професионална ориентација на учениците и професионално насочување;

Изработиле:

- Претседател: Наџије Алија
- Член: Јованка Јосифова
- Член: Марија Џолева
- Член: Атанас Филиповски

## Училишна клима и односи во училиштето

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2. Еднаквост и правичност**

**5.3. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 5 | **Училишна клима** | | |
| 5.1. | **Училишна клима и односи во училиштето** | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Статут на училиштето<br>• Кодекс на однесување | • Кодекс на однесување | • Училиштето има **Кодекс на однесување** кој е усогласен со кодексите за однесување за време на кризна состојба (услови на пандемија). Со Кодексот на однесување се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса**.** |
| • Анкетни прашалници<br>• Стручна служба | • Училишна клима | • Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и др. инволвирани во воспитно-образовниот процес и не постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Раководниот и наставниот кадар настојуваат да одржат добра атмосфера во училиштето. Во училиштето нема закани, говор на омраза и пишани графити со негативни пораки.<br><br>Над 50% од анкетираните родители, наставници и ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и потекло) се изјасниле дека постои објективен и непристрастен однос со |

| | | |
|---|---|---|
| • Закон за средно образование<br>• Кодекс на однесување<br>• Куќен ред<br>• Годишни анализи за успех и поведение<br>• Евиденција за изрекување на педагошки мерки<br>• Анкетни прашалници | • Поведение и дисциплина во училиштето | учениците, се чувствуваат меѓусебно прифатени и меѓусебе се почитуваат без разлика на полот, пречки во умствениот и физичкиот развој и етничката припадност.<br><br>• Дисциплината на учениците главно задоволува. Работната атмосфера за време на наставата е на задоволувачко ниво. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос со редовноста и дисциплината, а исто така се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите и часовите преку дежурства. Се почитува и спроведува протоколот за постапување во услови за пандемија. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.<br>Според бројот на изостаноци во учебната 2020/2021 год. направени се вкупно 23.425 изостаноци, од кои 20.735 оправдани и 2.690 неоправдани изостаноци. Просечно секој ученик направил по 47 изостаноци.<br><br>Во учебната 2021/2022 год. направени се вкупно 26569 изостаноци, од кои 23586 оправдани и 2983 неоправдани изостаноци. Просечно секој ученик направил 55 изостаноци. |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Соопштенија | • Учество на учениците во донесување одлуки и решавање проблеми | • Учениците преку Ученичката заедница учествуваат во активностите што се од нивен интерес. Навремено се информирани и придонесуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес, во услови на пандемија со користење на електронска комуникација. |

| 5.2. | Еднаквост и правичност | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Закон за СО<br>• Статут на училиштето<br>• Записници од родителски средби, одбор на родители | • Познавање и практикување на правата на децата | • Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Родителите се запознаени со правата на децата, а исто така преку одборот на родители дејствуваат доколку дојде до нарушување на истите. |
| • Закон за СО<br>• Статут на училиштето<br>• Анкетни прашалници | • Еднаков и правичен третман на сите ученици | • Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничкта припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како вредности од највисок ред и води политика на позитивно вреднување на етничката, културната, верската и јазичната разноликост. Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот**.** |
| • Анкетни прашалници<br>• Дневник за работа на стручната служба<br>• Записници, дневни подготовки на тимовите за МИО | • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | • Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција, како и на другите етникуми во училиштето.<br>Наставата во нашето училиште се изведува на три наставни јазици во јазично мешани групи.<br>Во училиштето се планираат и изведуваат активности (самостојни и заеднички) согласно со проектот за Мултиетничка интеграција во образованието и се реализираат редовно во учебната |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2020/2021 и 2021/2022 година. Формирани се повеќе тимови/парови од наставници кои редовно држат настава во двете соодветни паралелки на македонски и албански јазик. Учениците од различните етникуми со задоволство ги прифаќаат и учествуваат во овие МИО-активности, со целосна поддршка од родителите. |

| 5.3. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Програма за работа на Училишниот одбор<br>• Записници од одбор/совет на родители<br>• Записници од родителски средби<br>• Анкетни прашалници | • Соработка на училиштето со родителите | • Училиштето спроведува демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишниот одбор. Процедурите обезбедуваат застапеност на родители кои се од различни етнички заедници, како членови во состав на училишните органи. Родителите на ниво на паралелка, преку Одборот и Советот на родители и преку своите членови во Училишниот одбор ги следат тековните прашања и проблеми на училиштето и учествуваат во нивно решавање со свои мислења, видувања и предлози.<br><br>Комуникацијата со родителите е најразлична и прилагодена е на можностите на родителите: организирање на индивидуални и заеднички родителски средби (со користење на електронска комуникација) и приемни денови, телефонски јавувања, комуникација преку пошта и информатичката технологија (е-дневник).<br><br>Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во воспитно- |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовната работа и ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во истата.<br><br>Родителите се задоволни од соработката со училиштето, каде постојат ефективни методи за комуникација и слободен пристап за да ги добијат потребните информации (67 % од анкетираните родители). |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Извештаи за работа/соработка | • Соработка со општината и урбаната заедница | • Училиштето остварува соработка со општтината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности, организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата, последниве две години со намален интензитет поради пандемијата од Ковид 19.<br><br>Училиштето соработува со: Здравствен дом, Домовите во кои престојуваат наши ученици, Домови за деца без родители, Центарот за социјални работи, Полициска станица-Аеродром, Агенција за обезбедување и др.<br><br>Учениците и наставниците се вклучени во разни хуманитарни работи за помош на социјално загрозени семесјства, посета на домови на стари лица. |
| • Годишна програма на училиштето<br>• Договор со деловната заедница и меморандуми за соработка<br>• Програми на активите | • Соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор | • Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практична обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од МИО и граѓански активизам. Постои соработка со Занаетчиската комора, Графички компании, компании од прехранбената |

| | | |
|---|---|---|
| • Извештаи од наставниците по практична настава<br>• Записници од стручна служба | | индустрија, Фризерско-козметички салони и др. Оваа соработка е со цел да се обезбеди практично оспособување (доусовршување) на нашите ученици, нивно директно вклучување во процесот на работа, а со тоа и можност за нивно идно вработување.<br>Училиштето има потпишано договори и меморандуми за соработка со стопански субјекти во кои учениците реализираат Практична обука (практична настава, Учење преку работа и Феријална практика). Повремено се појавуваат потешкотии при сместување на сите ученици на практична обука во реален процес, особено во Хемиско-технолошката струка, бидејќи нема капацитет да се исполнат очекуваните резултати од учење. Училиштето има соработка и со невладини организации: ХЕРА, ХЕПТА, МИА. |

| **Методи кои се користени** | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Сања Атанасовски<br><br>Рамиз Нухиши<br><br>Весна Стефова<br><br>Јулија Величковска Стојаноска | **По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно *127 ученици* од сите образовни години *(68 македонци, 53 албанци, 6 турци; 48 машки и 79 женски)***. Добиени се следните резултати:<br><br>• 73 % од анкетираните **ученици**, се изјасниле дека **училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот** додека 4 % од учениците, не се согласуваат со таа констатација.<br>• 52 % од анкетираните ученици се изјасниле дека **учениците го почитуваат кодексот на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите)**, додека 9 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 58 % од анкетираните ученици се изјасниле дека **сите ученици (без оглед на способностите, родот етничката припадност, верата и социјалниот статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето**, додека 13 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 62 % од анкетираните ученици се изјасниле дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | **учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето и пропишаните мерки за заштита во услови на пандемија**, додека 10 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 57 % од анкетираните ученици се изјасниле дека **учениците учествуваат во донесувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив**, додека 15 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 58 % од анкетираните ученици се изјасниле дека **училиштето ги промовира личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина**, додека 8 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 57 % од анкетираните ученици се изјасниле дека **училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето**, додека 13 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 62 % од анкетираните ученици дека **вработните покажуваат грижа и почит кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите**, додека 9 % од учениците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 53 % од анкетираните ученици се изјасниле дека **во училиштето се организираат заеднички наставни и/или вонаставни активности на ученици со различна етничка припадност Училиштето ги користи сите можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените**, додека 13 % од учениците не се согласуваат со таа констатација. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Сања Атанасовски<br><br>Рамиз Нухиши<br><br>Весна Стефова<br><br>Јулија Величковска Стојаноска | **По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно *76 родители (43 македонци, 27 албанци, 6 турци; 31 машки и 45 женски)*.** Добиени се следните резултати:<br><br>• 66 % од анкетираните родители се изјасниле дека **училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот**, додека 1 % од родителите не се согласуваат со таа констатација.<br>• 67 % од анкетираните родители се изјасниле дека **во училиштето се почитува кодексот на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите)**, додека 7 % од родителите не се согласуваат со таа констатација.<br>• 67 % од анкетираните родители се изјасниле дека **училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби (користејќи и електронска комуникација за време на пандемија), приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање**, додека 8 % од родителите не се согласуваат со таа констатација.<br>• 62 % од анкетираните родители се изјасниле дека **училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни**, додека 4 % од родителите не се согласуваат со таа констатација. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>Сања Атанасовски<br><br>Рамиз Нухиши<br><br>Весна Стефова<br><br>Јулија Величковска Стојаноска | **По случаен избор, без разлика на пол, верска и етничка припадност, анкетирани се вкупно 59 наставници (37 македонци, 20 албанци, 2 турци; 20 машки и 39 женски)**. Добиени се следните резултати:<br><br>• 90 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **вработените го почитуваат кодексот на однесување за време на кризна состојба во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите)**, а нема наставници кои не се согласуваат со таа констатација.<br>• 76 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето и пропишаните мерки за заштита во услови на пандемија**, додека нема наставници кои не се согласуваат со таа констатација.<br>• 61 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **училиштето организира работилиници со цел запознавање со правата на децата и има изградено систем за остварувањена целите од наставницте програми поврзани со правата на децата**, додека нема наставници кои не се согласуваат со таа констатација.<br>• 61 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето**, додека 2 % од наставниците не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со таа констатација.<br>• 90 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **сите вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите**, додека 2 % од наставниците не се согласуваат со таа констатација.<br>• 85 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **училиштето планира и реализира заеднички наставни и/или воннаставни активности и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените**, додека нема наставници кои не се согласуваат со таа констатација.<br>• 76 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **училиштето промовира граѓански активизам и волонтерско вклучувањена учениците во активностите на заедницата преку наставни и вонаставни активности**, додека нема наставници кои не се согласуваат со таа констатација.<br>• 69 % од анкетираните наставници се изјасниле дека **училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни**, додека 2 % од наставниците не се согласуваат со таа констатација. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето има изготвено куќен ред и кодекс на однесување, со кој се поставени правила на однесување на сите структури во училиштето, во нормални услови и услови на пандемија;
- Во училиштето постои еднакво и правично однесување со сите ученици независно од нивната возраст, пол, способности, верска и етничка припадност;
- Учениците своите способности и интереси ги изразуваат во вонннаставните активности,
- Вработените во училиштето ги познаваат и ги почитуваат правата на децата,
- Во училиштето постои соработка со родителите преку Одборот и Советот на родители, кои учествуваат во решавање на проблемите,
- Училиштето остварува соработка со деловната заедница преку практичното образование, МОН, БРО, невладиниот сектор, урбаната заедница,
- Учениците партиципираат со своето демократско учество во донесување одлуки и во активности кои се од нивен непосреден интерес,
- Во училиштето се реализираат заеднички наставни и вонннаставни активности на учениците од различни етникуми, каде се промовира мултикултурализмот.

**Слаби страни**

- Во изработката на куќниот ред и кодексот на однесување не се вклучени претставници од сите структури на училиштето,
- Големиот број на изречени педагошки мерки не придонесуваат за драстично намалување на вкупниот број изостаноци;
- Релативно слабиот успех и незаинтересираност на учениците  оневозможува реализација на некои активности (наставни и вонннаставни);
- Потреба од поинтензивна и поефективна примена на информатичката технологија за подобра комуникација со учениците и родителите.
- Местото и условите во кои се изведува практичната обука од хемиско-технолошката струка не ги исполнува во целост резултатите од учење од наставните програми,
- Потешкотии при изнаоѓање соодветни стопански субјекти за сместување на сите ученици на практична обука во реален процес.

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Од анализираните идикатори за подрачјето Училишна клима и односи во училиштето може да се констатира дека во истото се води грижа за здравјето и безбедноста на учениците и сите структури се придржуваат на правилата на однесување пропишани со куќниот ред и кодексот на однесување.<br>Учениците подеднакво се вклучени во наставните и воннаставните активности, според нивните можности. Постои релативно висок степен на меѓусебно почитување помеѓу сите субјекти во училиштето, без разлика на возрасната, половата, етничката и верската припадност. Сите структури во училиштето ги почитуваат правата на децата.<br>Редовноста на учениците е на многу ниско ниво, но во соработка со родителите настојуваме да ја подобриме. Според законските начела на учениците им се изрекуваат педагошки мерки.<br>Партнерските односи со родителите, локалната и деловната заедница се на завидно ниво, со цел истите да се зацврстуваат, проширувааат и да се надминуваат постоечките пречки.<br>Учениците од сите етникуми подеднакво земаат демократско учество во сите сфери и активности што се од непосредно значење за нив, поддржани од органите и телата во училиштето. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Вклучување на сите структури во изработка на куќниот ред и кодексот на однесување;<br>• Активирање на функцијата на ученичката заедница;<br>• Превземање на мерки за исполнување во целост на резултатите од учење предвидени за практичната обука;<br>• Подобрување на соработката со стопанските субјекти каде се изведува практичната обука;<br>• Подобрување на информатичката комуникација со родителите и учениците; |

Изработиле:

- Сања Атанасовски
- Рамиз Нухиши
- Весна Стефова
- Јулија Величковска Стојаноска

## Ресурси

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**6.1. Сместување и просторни капацитети**

**6.2. Наставни средства и материјали**

**6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 6 | Ресурси | | |
| 6.1. | Сместување и просторни капацитети | | |

| Прегледани документи | Теми | Активности |
|---|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• План за развој на училуштето<br>• Записници од просветна сани-тарна и здравствена инспек-<br>ција<br><br>• Записник од извршен санита-рен надзор за здравство<br>• Комунална инспекција<br>• Просветна инспекција<br>• Државна<br>• Распоред на часови<br>• Полугодишен и годишен извештај<br><br>• Записници од работата на стручните активи | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети | • Училиштето СУГС”Димитар Влахов” се наоѓа во општина Аеродром, блиску до централното градско подрачје на улица ,,Трета македонска бригада” бр.22, со соодветни пристапни улици до истото.<br>• Основано е од Градското собрание на Град Скопје верификациски број 7921-1955г<br>• Сместено е во зграда од тврда градба со површина на објектот2629 м$^2$.За училници1412 м$^2$, други наставни простории со површина1217м$^2$<br>• Површината на училишниот двор е 1790 м$^2$, а површината на спортските терени и игралишта 1100м$^2$.<br>• Училиштето се загрева со централно парно греење.<br>• Во училиштето за изведување на воспитно-образовната работа има 21 училници, 2 кабинет по информатика со 24 часовен интернет, 4 кабинета за практична настава за струката лични услуги, еден кабинет лоциран надвор од училиштето (фризерски салон), 2 хемиски лаборатории, графичка работилница, библиотека, 4 канцеларии за административно-технички персонал, просторија Кариерен |

| | | |
|---|---|---|
| • Интервјуа со наставниците | | центар комплетно опремен кој располага со техничка опрема( 2 компјутери, телевизор, 24 часовен интернет...) и една просторија која е преадаптирана за релизација на практичната настава во прехранбената струка преку Проектот за модернизација на образованието (кабинет за обезбедување на соодветна технолошка опрема).<br>• Училиштето не располага со фискултурна сала ,освен една адаптирана просторија во подрумот што се користи во зимскиот период за пинг-понг. Но, во периодот што следи ќе се потрудиме тоа да биде приоритет и ќе побараме од Владата на Р.Македонија што побрзо да се реализира .<br>• Останатите простории во училиштето се канцеларии: директор, секретар, благајник, психолог, наставници, домаќин-благајник, библиотека, работилница за хаус мајстор ( во подрум).<br>• Просторија за архивирање документи, просторија за чување нагледни средства.<br>• Училници во подрумските простории, оспособени за дисеминации, предавања и др.<br>• Во училиштето постојат женски и машки санитарни јазли , со доволен број кабини за ученици и посебни санитарни јазли за наставници. По извршениот увид во документацијата од санитарната и просветна инспекција се констатира дека училиштето располага со исправни и чисти санитарии.Раководството редовно ги спроведува активностите за одржување на училишниот објект, хигиената во училиштето, системот за греење на објектот и редовно ги ажурира настанатите промени.<br>• Дворот е заграден , целосно истиот е пешачка зона. Во задниот дел од дворот има асвалтирани површини, кои се прилагодени како спортски терени на отворено, а се користат повеќенаменски за разни тренинзи. Предниот дел од дворот е |

| | | |
|---|---|---|
| | | хортикултурно уредена зелена површина.<br>• Училишните простории се користат според претходно изработен план за работа во две смени, а во зависност од бројот на ученици во паралелките, согласно распоредот на часови. Според тоа се организираат наставните и воннаставните активности. Се подготвува и план за реализација на дополнителната и додатната настава. Заради недоволни просторни услови овој план се реализира со извесни потешкотии.<br>• Поголемиот дел од училниците не одговараат на пропишаните стандарди за изведување на воспитно-образовниот процес.<br>• Училиштето презема активности за подобрување на условите за работа во согласност со можностите и потребите.<br>• Училиштето реализира голем број точки на акции од воспоставените еко-стандарди кои придонесуваат за подобрување на условите на работење во училиштето.. |

| **6.2.** | **Наставни средства и материјали** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала-тендерска документација<br>• Увид во библиотечната евиденција | • Опременост со функционална информатичко – комуникациска технологија | • Стручната литература и наставните средства и помагала се обезбедуваат по барање на наставниците преку стручните активи, директорот на училиштето, училишниот одбор..<br>• Се обезбедуваат –дел од Градот, а дел од самофинансирање. Потребните наставни средства и помагала, училиштето ги обезбедува со одлуки на УО за тековната година.<br>• Училиштето располага со солиден квалитет и квантитет на |

| | | |
|---|---|---|
| • Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Увид во документацијата на училиштето и интерни акти<br>• Годишна програма<br>• Записници од стручни активи<br>• Увид во интерни акти, полугодишни и годишни извештаи<br>• Разговор со наставници, стручна служба и директор<br>• Анкета со учениците<br>• Разговор со технички персонал | • Потрошен материјал<br><br>• Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати | наставни средства и помагала( во Годишната програма) и соодветни нагледни средства и помагала.<br>- Компјутери 123<br>- Графоскоп 5<br>- Епископ 1<br>- Микроскоп 2<br>- Телевизор 3<br>- Радиокасетофон 7<br>- Печатари 15<br>- Печатач црно-бела боја 5<br>- Печатач во боја 2<br>- Фотокопир 2<br>- Печатарска машина за висок печат-графопрес 1<br>- Печатарска машина за рамен печат-ромајор 2<br>- Нож за сечење хартија херолд 1<br>- Копир апарат за печатарски форми 1<br>- Дигитален апарат 2 .<br>- Дигитална камера 1<br>- ЛЦД проектор 21<br>- Лап-топ 27<br>- Платно за проектирање 2<br>- Табли за постер хартија 2<br>- Електронска смарт табла 5<br>- Таблети 37<br>- Монитори 49<br>• Покрај овие средства, училиштето е опремено со дополнителна опрема за потребите на фризерскиот салон, козметичкиот салон, хемиските лаборатории и опрема за спортски активности.<br>• Училиштето ги утврдува потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма.<br>• Училиштето располага со добро опремена библиотека, со |

| | | |
|---|---|---|
| | | вкупно 2678 примероци книги. Од вкупниот број книги лектирни изданија има 985 и со стручна литература наменета за наставниците и тоа со 1004 примероци со 197 наслови, поголем број наслови се слободна литература со над 1000 книги.<br>• Училиштето располага и со соодветни нагледни и дидактички средства кои не се доволни и има потреба да се обновуваат ( модели, шеми, историски карти, географски карти, математички прибор, спортски реквизити, инструменти и потрошен материјал за хемиска лабораторија, апарати и алатки за хемиско технолошка струка, .реагенси за биолошки експерименти, слики..)<br>• Планирањата и снабдувањата со потрошни материјали се врши со договорни постапки. Планирања вршат наставниците на ниво на стручни активи, со изготвување на листи на потребни материјали, листите се доставуваат до раководниот кадар кој во зависност од можностите определува приоритети за набавка.<br>• Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности , согласно планот на училиштето.<br>• Од 19.3.2020 година поради пандемијата на Ковид 19 училиштето започна со on line настава<br>• Секој наставник изготвува материјали кои ги праќа до учениците, се изведуваа on line часови,тесови и други активности за успешна реализација на наставната програма |

| 6.3. | Обезбедување на потребниот наставен кадар | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Увид во досиејата на вработените<br>• Акт за организација и систематизација на работните места<br><br>• Годишната програ-<br>ма за работа на училиштето<br><br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Извештај од работата на стручните соработници<br>• Записници од стручни активи; | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар | • Во воспитно образовниот процес во 2021/22 година се вклучени вкупно 66 наставници.Сите наставници што изведуваат настава имаат соодветна стручна подготока според законските прописи, колективниот договор и правилникот за систематизацијата<br>• Во 2021/22 бројот на вработени изнесува:<br>- Вкупен број на вработени: 77 од кои Македонци 14(м), 36 (ж); Албанци 13(м),11(ж); Турци 2(ж); други 1(ж);<br>- Наставен кадар: вкупен број 65 од кои Македонци 10(м),29(ж); Албанци 12(м),11(ж); Турци 2(ж); други 1(ж);<br>- Стручни соработници: вкупен број 2 од кои Македонци 1(м),1(ж);<br>- Административни работници: вкупен број 4 од кои Македонци 2(м), 2(ж);<br>- Техничка служба: вкупен број 6 од кои Македонци 1(м), 3(ж); Албанци 1(м),<br>- Директор 1(ж)<br>• Наставен кадар во 2021/2022<br>- На неопределено време вкупно 42 од кои Македонци 6(м),22(ж); Албанци 7(м),6(ж); други 1(ж);<br>- На определено-вкупно 23 од кои Македонци 4(м),7(ж); Албанци 5(м),5(ж); Турци 2(ж);<br><br>• Бројот на вработени вклучени во наставниот процес за |

| | | |
|---|---|---|
| | | остарување на програмски планираната воспитно - образовна дејност е следен:<br>- Директор- високо образование 1<br>- Психолог- високообразование 1<br>- Помошник на директорот 2<br>- Наставник - магистер 3<br>- Наставници со високо образование 60<br>- Наставници со средно 6<br>- Библиотекар со високо образование 1<br>• Училиштето обезбедува доволен број наставници за реализирањее на воспитно образовниот процес по добивање на согласност од Град Скопје и МОН и во согласност со Нормативите<br>• При распределбата на кадарот се земаат :<br>- стручната подготовка согласно нормативот<br>- колективниот договор<br>- Правилникот за Систематизација<br>• Наставниците учествуваат на стручно - педагошки семинари организирани од МОН, БРО , ЦСО , СЕА и др.Сето тоа ќе придонесе за унапредување на воспитно- образовниот процес, односно реализација на наставата со современи наставни методи и технологии. Наставниците се вклучени во семинари и обуки организирани и од други невладини организации , организации финансирани од ЕУ<br>• Наставниот кадар е квалификуван и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина преку следење на |

| | | |
|---|---|---|
| | | семинари, обуки, десиминација во училиштето и др. Наставниот кадар според стручната подготовка соодвествува со критериумите пропишани со Законот за средно образование и Законот за наставници.Наставниците поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување.<br>• За голем број од обуките се спроведуваат дисеминации и следење на реализацијата.<br>• Работата на наставниот кадар е надополнета од страна на административно - техничкиот персонал (толкување на законите, навремено доставување на информации важни за наставата и за работата на училиштето, информации од одлуките на УО и др.)<br>• Стручната служба редовно спроведува интерна евалуација на наставниот кадар и влијае стимулативно на наставниците.Тие ги согледуваат пропустите во своето работење и имаат можност да се подобрат. |

| 6.4. | (Следење на развојните потреби на наставен кадар) | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Годишна програма<br>• Интерни акти<br>• Разговор со стручната служба, директорот и наставниците<br>• Програма за развој на наставниот кадар<br>• Извештај од самоевалуација<br>• Програма за професионален развој на наставниот кадар<br>• Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година<br>• Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот<br>• Листи од спроведените интерни обуки<br>• Записници од работа на училишна интеграција | • Професионален и кариерен развој на наставниците | • Годишната програма се изготвува на време. За навремено извршување на задолженијата се врши контрола и анализа на реализираните активности , се изготвуваат полугодишни и годишни извештаи. Се изготвуваат планови и програми за работа на одделни органи и тела, според нормативите за воспитно-образовна дејност , како резултат на програмските насоки и задачи изготвени во годишната програма.<br>• Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкети и разговори, по барање на наставниците врз основа на понудените семинари , обуки од МОН, БРО, СЕА и др..<br>• Секој наставник спрема план за професионален развој за следната година врз самоевлуација и анализа на слабите и јаките страни.<br>• Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот.<br>• Кадарот што внесува ефективни иновации во работата се наградува согласно важечките правилници.<br>• Училиштето овозможува посета на сите семинари, предавања и обуки во и надвор од него од Министератвото за образование и наука, Биро за развој на образованието и други институции.<br>• Вреднувањето на работата на наставниците се следи од страна на директорот и психологот- посета на часови, индивидуални разговори, стручни консултации, примена на ИКТ во наставата. Предмет на следење беа организацијата на воспитно-образовната и воннаставната работа, стручно- |

| | | |
|---|---|---|
| | | педагошко и психолошко усовршување на наставниот кадар во училиштето, увид во годишните и тематските планирања на наставните и вонnаставните активности, водење евиденција за посетени часови, следење на ангажираноста на наставниците во работата на стручните органи во училиштето и пошироко, соработка со родителите, разговори, консултации и сл..<br>• Во последните две години наставниците учествувале на семинарите(обуки,работилници, конференции,проекти):<br>- Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем.<br>- Намалување на насилството и унапредување на безбедноста на училиштата<br>- Обуки за оценувачи и тестатори<br>- Предавањето на советничката Софче Коцевска. Темата беше запознавање на професорите со упатства за реализација на скратените наставни програми, Упатства за изборни предмети, Упатства за оценување од далечина, Упатства за ПОП<br>- Онлајн курс на тема: Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење/ едуино алатки за ИКТ Вкупен број на часови 2 .<br>- Обука за наставници за реализација на наставната програма по Граѓанско образование за средни стручни училишта<br>- Зајакнување на компетенциите и вештините на кариерните советници во средните училишта<br>- Обука за користење на БИПО и изготвување на извештај<br>- Работилница за споделување искуства по реализираните сесии со БИПО инструмент<br>- Онлајн работилница за изведба на онлајн кариерно советување – алатки и техники<br>- Реализација на онлајн работилница за креирање |

| | | |
|---|---|---|
| | | оперативна програма со новите онлајн содржини на кариерните центри во училиштата за работа со ученици<br>- Обука на наставницина тема “Тимско постапување при превенција од употреба на супстанци и врсничко насилство”<br>- Проектот за НЕ! Насилство помеѓу учениците во реализација на LEAD Лидери за едукација, активизам и развој. Во рамките на истиот проект се спроведоа дводневни обуки за користење неформална едукација и неформални алатки при препознавање и подигнување на свеста за врсничко насилство во средните училишта.<br>- Конференција на тема „Унапредување на животните вештини во образовниот систем“<br>- Конференција на проектот „Младите и Европските Вредности“,<br>- Проектот „Зборувам на јазикот на мојот другар“ поддржан од Град Скопје<br>- Учество на натпревар “Безбедност на интернет“организиран од Центарот за истражување и креирање политики<br>- Проектот за "Безбеден град"<br><br>• Имплементација на проектот HEAD: Зајакнување на капацитетите на директорите на училиштата за градење инклузивна училишна култура”<br>- Проектот „Општина Аеродром- пионер во практикување на детското учество“ организиран од Меѓаши<br>- Едукација за сексуално и репродуктивно здравје во средните училишта на Град Скопје;<br>- Проект „Советувалиште за превенција од употреба на droги и семејно насилство“<br>- Шфајцарски проект- Методологија базирана на работни |

| | | |
|---|---|---|
| | | ситуации<br>- Обука- Дигитална етика<br>- Обука- Прва помош спасува живот<br>- Предавање- Спречување и борба против трговија со деца<br>- Теоретска обука за безбедост при работа<br>- Потикнување на демократска клима бо училиштата преку ученички иницијативи<br>- Обука за наставници за работа со Microsoft Teams<br>- Обука „Комуникациски вештини помеѓу вработените, учениците и родителите“<br>- Проект: Таа може “ Стекнување вештини за економска еднаквост” во организација со ЦСИ<br>- Обука - Намалување на употребата на пестициди, инсектициди и хербициди во земјоделството преку алелотопиата.<br>- Обуки за ПИСА тестирањето<br>- Интерна обука: Начини и подрачја на вршење самоевалуација.<br>- Обука: Современи креативни методи и техника за учење<br>- Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието реализиран од (МЦГО) - Работилница со наставници за реализација на заеднички часови во редовната настава.<br><br>• Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците се остварува според Правилник за начин на следење, проверување и оценување, полагање на испити и напредување на учениците во средното образование.<br>• Училиштето има стратегија за усовршување на наставниците и план за спроведување на веќе дисеменираните интерактивни методи во наставата |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Училиштето овозможува менторска помош со однапред подготвен план. |

| 6.5. | Финансиско работење на училиштето | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • Увид во финансов план, развоен план, и годишна програма за работа<br>• Разговор со директорот, наставниците, УО<br>• Записници и одлуки од У.О.<br>• Разговор со Советот на родители<br>• Склучени договори, тендери за јавни набавки<br>• Понуди<br>• Записници од ревизија и УЈП | • Професионален и кариерен развој на наставниците | • Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.<br>• Раководниот кадар се грижи за материјалната состојба на училиштето, учествува во договарањето со Министерството за образование и наука околу финансиските потреби на училиштето. На почетокот на годината се изготвува финансов план за тековната година и план за јавни набавки, а на крајот на годината и годишна сметка<br>• Сите овие документи се донесени од Училишниот одбор и одобрени од основачот.<br>• Во комисијата за јавни набавки има и член од Училишниот одбор. Училишниот одбор предлага финансов годишен план, завршна сметка, до основачот.<br>• Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот и преку своите членови редовно ги консултира сите вработени за економичноста, ефикасноста и правичноста во распределувањето на финансиските средства .<br>• Училишниот одбор редовно ги известува органите и телата за финансиското работење и наменското трошење на училишниот буџет - преку огласување на одлуките на училишниот одбор на огласна табла во канцеларијата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците.<br>• Сите набавки се прават врз основа на одлука на училишниот одбор, со собрани три понуди, а комисијата за јавни набавки ја избира најповолната понуда.<br>• Постои финансов план според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за ученици** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Аида Даут<br>Оливера Петрушевска<br>Александар Аврамовски<br>Афрдита Лита | Анкетирани се вкупно 127 ученици (68 македонци, 53 албанци, 6 турци), од кои 79 женски и 48 машки.<br><br>• 66% од анкетираните се согласуваат, 26% делумно се согласуваат а 8% не се согласуваат со констатацијата дека просторните услови во училиштето се соодветни за изведување на наставните и вонанаставните активности.<br>• 64% од анкетираните се согласуваат, 32% делумно се согласуваат а 4% не се согласуваат со констатацијата дека практичната настава се реализира во опремени работилници.<br>• 64% од анкетираните се согласуваат, 26% делумно се согласуваат а 10% не се согласуваат со констатацијата дека Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонанаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>• 56% од анкетираните се согласуваат, 28% делумно се согласуваат а 16% не се согласуваат со констатацијата дека училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (пристапни рампи, лифтови, приспособени тоалети и др.).<br>• 58% од анкетираните се согласуваат, 32% делумно се согласуваат а 10% не се согласуваат со констатацијата дека наставниците ефективно и ефикасно ги користат наставни средства и материјали кои им се на располагање во наставата и учењето.<br>• 49% од анкетираните се согласуваат, 28% делумно се согласуваат а 23% не се согласуваат со констатацијата дека во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.<br>• 51% од анкетираните се согласуваат, 26% делумно се согласуваат а 23% не се согласуваат со констатацијата дека во библиотеката има соодветна литература (лектири) и работи согласно со работното време и распоредот. Отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден.<br>• 57% од анкетираните се согласуваат, 30% делумно се согласуваат а 13% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето.<br>• 62% од анкетираните се согласуваат, 17% делумно се согласуваат а 21% не се согласуваат со констатацијата дека во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за родители** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Аида Даут<br>Оливера Петрушевска<br>Александар Аврамовски<br>Афрдита Лита | Анкетирани се вкупно 76 родители (43 македонци, 27 албанци и 6 турци), од кои 45 женски и 31 машки.<br>• 75% од анкетираните се согласуваат, 20% делумно се согласуваат а 5% не се согласуваат со констатацијата дека училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава и за организирање воннаставни активости за учениците.<br>• 68% од анкетираните се согласуваат, 28% делумно се согласуваат а 4% не се согласуваат со констатацијата дека во училиштето има училишни работилници за практична обука на учениците за секоја струка.<br>• 71% од анкетираните се согласуваат, 26% делумно се согласуваат а 3% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>• 65% од анкетираните се согласуваат, 24% делумно се согласуваат а 11% не се согласуваат со констатацијата дека училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (пристапни рампи, лифто ви, приспособени тоалети и др.).<br>• 67% од анкетираните се согласуваат, 26% делумно се согласуваат а 7% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 72% од анкетираните се согласуваат, 26% делумно се согласуваат а 2% не се согласуваат со констатацијата дека наставниците ефективно и ефикасно ги користат наставни средства и материјали кои им се на располагање во наставата и учењето.<br>• 59% од анкетираните се согласуваат, 30% делумно се согласуваат а 11% не се согласуваат со констатацијата дека во училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.<br>• 55% од анкетираните се согласуваат, 34% делумно се согласуваат а 11% не се согласуваат со констатацијата дека библиотеката е опремена со литература која ги задоволува потребите на учениците.<br>• 61% од анкетираните се согласуваат, 28% делумно се согласуваат а 11% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето,<br>• 58% од анкетираните се согласуваат, 30% делумно се согласуваат а 12% не се согласуваат со констатацијата дека во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • **Анкета за наставници** | • Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>Аида Даут<br>Оливера Петрушевска<br>Александар Аврамовски<br>Афрдита Лита | Анкетирани се вкупно 59 наставници, од кои 39 женски и 20 машки.<br><br>• 52% од анкетираните се согласуваат, 39% делумно се согласуваат а 9% не се согласуваат со констатацијата дека училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работа на наставниот кадар и за организирање воннаставни активости за учениците.<br>• 76% од анкетираните се согласуваат, 22% делумно се согласуваат а 2% не се согласуваат со констатацијата дека во училиштето има училишни работилници за практична обука на учениците за секоја струка.<br>• 78% од анкетираните се согласуваат, 22% делумно се согласуваат а 0% не се согласуваат со констатацијата дека Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>• 47% од анкетираните се согласуваат, 39% делумно се согласуваат а 14% не се согласуваат со констатацијата дека училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (пристапни рампи, лифто ви, приспособени тоалети и др.).<br>• 57% од анкетираните се согласуваат, 40% делумно се согласуваат а 3% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна |

| | | |
|---|---|---|
| | | литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.<br>• 52% од анкетираните се согласуваат, 39% делумно се согласуваат а 9% не се согласуваат со констатацијата дека Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето.<br>• 68% од анкетираните се согласуваат, 30% делумно се согласуваат а 2% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните, воннаставните активности и практичната настава, според планот на училиштето.<br>• 54% од анкетираните се согласуваат, 42% делумно се согласуваат а 4% не се согласуваат со констатацијата дека училишните работилници за практична настава се опремени со соодветни современи машини, уреди, апарати и алати што одговараат на стандардот за простор и опрема и редовно ја заменува старата и амортизирана опрема со нова.<br>• 73% од анкетираните се согласуваат, 27% делумно се согласуваат а 0% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето има стручни соработници што им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво.<br>• 81% од анкетираните се согласуваат, 17% делумно се согласуваат а 2% не се согласуваат со констатацијата дека сите наставници и стручни соработници изработуваат личен план за професионален развој и имаат ажурирани професионални досиеја. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • 76% од анкетираните се согласуваат, 24% делумно се согласуваат а 0% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи и обуки за деца со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и младинско учество итн.<br>• 57% од анкетираните се согласуваат, 39% делумно се согласуваат а 4% не се согласуваат со констатацијата дека училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето на финансиските средства. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето се наоѓа во урбана средина;
- Училиштето има јасен план и распоред за максимално користење на расположивите капацитети за изведување настава и воннаставни активности;
- Наставниот кадар во училиштето е со соодветно образование за реализација на наставниот процес;
- Наставниците придонесуваат за работата на училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи;
- Наставниците ефективно и ефикасно ги користат наставни средства и материјали кои им се на располагање во наставата и учењето;
- Наставниот кадар учествуваше на стручно педегошки семинари, дисеминации и др обуки. Имаат ажурирано професионално досие;
- Стручната служба им помага на наставниците: во организација на наставата, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво, планира и спроведува активности за давање советодавна помош на учениците;
- Комисиите за јавни набавки се формираат според законските норми;
- Практичната настава се реализира во училишните работилници и бизнис секторот;
- Училиштето го почитува правилникот за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на испити;
- Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.

**Слаби страни**

- Нерешени имотно правни односи;
- Просторните капацитети за изведување на спортски активности, теоретска и практична настава не ги задоволуваат потребите во целост;
- Училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, училишен двор) не се целосно пристапни за учениците со телесни пречки во развојот (лифтови, приспособени тоалети и др.);
- Училиштето нередовно ги утврдува и обновува потребните наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема;
- Недоволно развиена соработката со локалната средина во функција на дејноста на училиштето;

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
